Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-93/1
Датум: 10-02-2022 година

Постапувајќи по претставка бр. 0801-416 од 03.12.2021 година, поднесена од страна на Коалиција [redacted], против [redacted] од Скопје, со живеалиште на ул. [redacted] како регистрант на порталот dokazm.mk, за сторено вознемирување врз основа на род, припадност на маргинализирана група и сексуално вознемирување на сексуалните работнички во област на медиуми, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на Република Северна Македонија бр.258/2020 од 30.10.2020 година), на 10.02.2022 го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ПОВЕЌЕКРАТНО И ПРОДОЛЖЕНО ВОЗНЕМИРУВАЊЕ И СЕКСУАЛНО ВОЗНЕМИРУВАЊЕ**, врз основа на род и припадност на маргинализирана група врз сексуалните работнички, од страна на [redacted], со објавување или дозволување да се објави вознемирувачки текст и видео на интернет порталот dokazm.mk.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка со архивски број 0801-416 од 03.12.2021 година, од подносителот Коалиција [redacted], против [redacted] од Скопје, како регистрант на порталот dokazm.mk, за сторено вознемирување врз основа на род, припадност на маргинализирана група и сексуално вознемирување на сексуалните работнички во област на медиуми.

Согласно наводите од претставката, на 30.11.2021 година, [redacted] објавил или дозволил да се објави на неговиот портал dokazm.mk текст со наслов "Колку чини секс со проститутка на кеј во Скопје: За 5 души давам попуст! (+18 ВИДЕО) маски не мора". Со проверка на сопственоста на порталот dokazm.mk утврдено е дека [redacted] со горенаведената адреса е регистрант на порталот. Согласно подносителот, текстот содржи вознемирување врз основа на род, припадност на маргинализирана група врз сексуалните работнички и сексуално вознемирување од чл. 11, ст. 1 и 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Во прилог на претставката подносителот достави копија од текстот објавен на порталот dokazm.mk, ЦД со објавеното видео, документ од проверка на сопственост на порталот dokazm.mk и печатени докази за коментарите под цитираната објава на Фејсбук профилот на порталот dokazm.mk.

Имајќи ги во предвид ваквите наоди, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација од приложените докази констатира дека ваквите тврдења се веројатни и согласно член 24 став 7, во врска со член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, во два наврати на 06.12.2021 и 20.01.2022 година испрати Известувања за произнесување кон наводите од претставката до [redacted].
Видно од поштенските повратници, потенцијалниот дискриминатор во двата наврати бил известен за известувањата за произнесување кон наводите од претставката, но истите не ги подигнал од пошта, со што Комисијата за спречување и заштита од дискриминација констатира дека потенцијалниот дискриминатор бил уредно известен за претставката против него.

Во законски предвидениот рок од чл. 24, ст. 7, [redacted] не достави поднесок за произнесување, па Комисијата за спречување и заштита од дискриминација во изготвувањето на ова мислење ги зеде предвид само наводите од претставката на подносителот.

Од наводите во претставката и доказите кон неа може да се заклучи дека лицето [redacted] е регистрант на профилот dokazm.mk, регистриран на 03.09.2016. На порталот dokazm.mk до датумот на носењето на ова мислење се уште се наоѓа објавата со наслов "Колку чини секс со проститутка на кеј во Скопје: За 5 души давам попуст! (+18 ВИДЕО) маски не мора", достапна на линкот: https://dokazm.mk/kolku-chini-seks-so-prostitutka-na-kej-vo-skopje-za-5-dushi-davam-popus-18-video-maski-ne-mora/. Во моментот на изготвување на ова мислење објавата била прочитана 26.909 пати. Во текстот е поставено видео во кое четворица мажи се снимаат како вознемируваат, навредуваат и се закануваат на жени за кои тврдат дека се сексуални работнички, со што се врши сексуално вознемирување согласно чл. 11 ст. 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Дополнително, оваа објава е споделена и на Фејсбук профилот на порталот dokazm.mk. На објавата има повеќе вознемирувачки коментари, со што се врши повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација, пропишано во чл. 9 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Согласно Законот за спречување и заштита до дискриминација вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика. Сексуално вознемирување е каков било облик на несакано вербално, невербално или физичко постапување од сексуална природа, што има цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика. Со објавувањето на вакви содржини несакано се постапува кон сексуалните работнички заради родот и припадноста на маргинализирана група, со што се создава понижувачка и непријателска средина. Дополнително, на видеото се гледа како група мажи вршат сексуално вознемирување врз сексуалните работнички, кои се најранливи на ваков вид вознемирување, преку следење со автомобил и навреди, понижувања и закани за физичко и сексуално насилство.

Согласно наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, одлучи како во диспозитивот на ова мислење.

Постапувајќи по член 27, став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација во случај на утврдена дискриминација, Комисијата препорачува начин на отстранување на повредата на правото на еднаквост, односно начин на отстранување на дискриминацијата. Ставот 3 од истиот член посочува дека субјектот кон кого е упатена препораката има должност да постапи по истата и да ја отстрани повредата на правото на еднаквост. Следствено на ова, Комисијата ја донесе следнава

П Р Е П О Р А К А

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** [redacted], како регистрант на порталот dokazm.mk да ја избрише објавата со наслов "Колку чини секс со проститутка на кеј во Скопје: За 5 души давам попуст! (+18 ВИДЕО) маски не мора", со која се врши продолжено и повеќекратно сексуално вознемирување врз основа на род и припадност на маргинализирана група врз сексуалните работнички, **најдоцна**

**во рок од 30 дена од денот на приемот на ова мислење и препорака.** Објавата треба да се избрише од порталот dokazm.mk и Фејсбук профилот на порталот dokazm.mk.

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** [redacted], како регистрант на порталот dokazm.mk јавно да се извини за споделувањето на вознемирувачката објава. Јавното извинување треба да биде објавено на порталот dokazm.mk и Фејсбук профилот на порталот dokazm.mk, **најдоцна во рок од 30 дена од денот на приемот на ова мислење и препорака.**

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** [redacted], како регистрант на порталот dokazm.mk во иднина да се воздржува од објавување вознемирувачки содржини по било која дискриминаторска основа на порталот dokazm.mk.

Комисијата го следи извршувањето на мислењата и препораките за конкретните случаи на дискриминација, сè до нивното исполнување. Доколку субјектите кон кои е упатена Препораката не постапат по истата, Комисијата има законска надлежност да поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежниот суд за прекршоци, согласно член 27, став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Скопје
10.02.2022

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседателка
Весна Бендевска

Комисија за спречување и заштита од дискриминација Скопје

Доставено до:

1. Здружение з[redacted], 1000 Скопје
2. [redacted] ул. Врполе 3А, 1000 Скопје